ЕЛЕКТРОМЕТАЛКА КОМЕРЦ
Таев Илија ДООЕЛ
Бр. 0504-29
05.12.2018

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
- Генерален секретаријат –
бр.4606-10050/18 од 04.12.2018 година
Скопје

**„ЕЛЕКТРОМЕТАЛКА КОМЕРЦ Таев Илија”**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ**

# Д О Г О В О Р
## за набавка на стоки

**Скопје, Декември 2018 година**

**Д О Г О В О Р**

Склучен на 04.12.2018 година, меѓу:

1. **Влада на Република Македонија - Генерален секретаријат**, со седиште на бул.„Илинден„ бр.2. Скопје, претставувана и застапувана од **Д-р Драги Рашковски**, Генерален секретар, во понатамошниот текст: **Договорен орган** и
2. **„ЕЛЕКТРОМЕТАЛКА КОМЕРЦ Таев Илија"** со седиште на ул. Ѓорче Петров 71-б/5, 1000 Скопје со ЕМБС 4202490 и даночен број 4030991174231, претставувано и застапувано од **Таев Илија,** Управител, во понатамошниот текст: **Носител на набавката**.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Предмет на договорот за јавна набавка е набавка на стоки-**надградени лед панели.**

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Вкупната вредност на набавката на стоките-предмет на Договорот, изнесува **345.150** (со зборови: триста четириесет и пет илјади сто и педесет ) денари со вклучен 18% ДДВ.

## III. НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 3**

Договорните страни се согласни плаќањето за испорачаната стока од предметот на набавката, да се изврши вирмански по доставување фактура и испратница за извршена испорака, во седиштето на Влада на Република Македонија - Генерален секретаријат бул.„Илинден" бр.2, Скопје,во законски утврден рок (60 дена) сметано од првиот нареден ден од денот на прием на фактурата во архивата на Договорниот орган.

## IV. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

**Член 4**

Носителот на набавката се обврзува да **ги испорача стоките од член 1 на овој Договор со карактеристики согласно бараните во техничката спецификација,најдоцна во рок од 30 (триесет) дена од денот на склучување на договорот на следнава локација:** Влада на Република Македонија - Генерален секретаријат бул.„Илинден" бр.2, 1000 Скопје, при што Договорниот орган се обврзува да изврши квантитативен и квалитативен прием на стоките.

**Член 5**

Носителот на набавката се обврзува да обезбеди банкарска гаранција за навремено и квалитетно извршување на договорот во висина од **од 5% од вредноста** утврдена во член 2 од овој договор.
Гаранцијата треба да биде поднесена во оригинална форма, **пред потпишување на договорот,** а со важност до исполнување на обврските од член 4 од овој договор.
Договорниот орган ќе ја врати Гаранцијата на Носителот на набавката во рок од 14 дена, по реализација на договорната обврска од страна на Носителот на набавката, утврдена во член 4.

**Член 6**

Носителот на набавката се согласува гаранцијата за квалитетно извршување на договорот да биде наплатена доколку не исполни некоја од обврските наведени во член 4 од овој договор на начин и рок согласно тендерската документација и понудата, а по претходно известување од страна на Договорниот орган.

Носителот на набавката се согласува доколку дојде до наплата на гаранцијата од став 1 од овој член договорниот орган да објави до ЕСЈН негативна референца.

## V. ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 7**

Договорот е со важност до испорака на стоката и исплата на вредноста од член 2 од овој договор, од страна на Договорниот орган .

## VI. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 8**

Измени и дополнувања на Договорот може да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат, со Анекс - Договор потпишан од овластените претставници на договорните страни.

**Член 9**

Во случај на спор договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено, а во спротивно истиот ќе го решава надлежниот суд во Скопје.

**Член 10**

Договорот е составен во 6 (шест) еднообразни примероци, од кои по 3 (три) за секоја договорна страна.

**„ЕЛЕКТРОМЕТАЛКА КОМЕРЦ Таев Илија"**

**Таев Илија**, Управител

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ**

**Д-р Драги Рашковски,** Генерален секретар

*Подготвил: Даринка Јовановска*
*Контролирал: Анета Стевковска*